МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Змајќи ја во предвид стратешката насоченост - визијата, како и деловното опкружување/контекстот – мисијата, АД МЕПСО – Скопје, како компанија која извршува дејност од јавен интерес - пренос на електрична енергија, управување со стабилен и доверлив електроенергетски систем, и организирање и управување со Пазарот на електрична енергија во Република Македонија, е насочена кон постојана оптимизација на своите капацитети и ресурси во насока на обезбедување квалитетен јавен сервис за сите корисници и граѓаните воопшто, што претставува трајна определба на сите вработени, што се постигнува со :

- Извршување на дејноста со која се задоволуваат барањата, потребите и очекувањата на корисниците и другите заинтересирани страни, вклучувајќи и законски прописи.

- Постојано подобрување на сите наши процеси и постојано следење на задоволството на нашите корисници.

- Со обврска од највисокото раководство да преку создавање и одржување на работна атмосфера се стимулираат вработените да во потполност и активно учествуваат во реализација на деловните цели.

-Постојана и планска едукација и тренинг, како и мотивирање на вработените, со цел ефикасно и квалитетно извршување на постоечките и новите работни задачи.

-Со примена на процесен пристап во менаџирањето со сите ресурси и активности и менаџирање со системот на меѓусебно поврзани процеси.

-Со утврдување на ризикот и можностите во своето деловно работење, со планирање на мерки кои се однесуваат на ризиците и можностите, интегрирање на тие мерки во сите деловни процеси и нивно вреднување.

-Донесување на деловни и други одлуки врз основа на анализа на податоци и информации.

-Постојано унапредување на односот и развивање на партнерства со соработниците, со што се придонесува кон оптимално задоволство на заедничките интереси.

Политиката за квалитет повремено се преиспитува и менува кога е тоа потребно. Во зависност од потребата, политиката за квалитет е достапна на заинтересираните страни.

Генерален Директор
Ненад Јовановски